

# Миленко Неделковски

## Кој си бе ти Филипе Рикеру?

Кој курац си ти бе Филипе Рикеру да кажуваш дека е завршено времето на политички игри?? Ти, а?!? Ти ли бе, и таквите како тебе, што сте угушени со политички игри ко стаорец во септичка јама, ти ли ќе кажуваш бе за политички игри?

Кој си ти да даваш оценка кој игра политички игри, а кој не?

Кој си бе ти да кажуваш дека СЈО е црвената линија? Црвена линија за што? За ропство? И, стално после некоја црвена линија има некоја друга црвена линија!!!

Кој си ти бе Филипе Рикеру да издаваш наредби овдека? Кој си бе ти да кажуваш што требало, а што не. Кој си ти да кажуваш што е добро, а што не? Кој си ти да кажуваш што е испарвно и кој правец треба да го фатиме, а кој не?

Кој си бе ти да ги спасуваш рекетарите од СЈО и Владата на “неговата екселенција“ Црпко Муртински?

Кој си бе ти?

Избран ли си од овој народ на избори? Те гласаше ли некој? Те избра ли некој? Имаш ли некоја функција? Одговараш ли со нешто пред МАКЕДОНСКИОТ народ?

Кој кур си ти, бе?

Вчера на плоштадот на ВМРО изјави дека “Во секоја ВИСТИНСКА ДЕМОКРАТИЈА улогата на опозицијата е клучна“!!! Ти бе, знаеш ли што значи ДЕМОКРАТИЈА? И лингвистички и суштински тоа значи дека НАРОДОТ (демосот) си владее (кратија). Значи, ВЛАДЕЕЊЕ НА НАРОДОТ. Во случајов на МОЈОТ народ, МАКЕДОНСКИОТ.

Ти ли си народот па да владееш, или ние сме народот па треба да си владееме? Како тоа во име на мојот народ, ти кој не си дел од мојот народ (етнички, верски, административно…) сакаш да не‘ владееш? Како е тоа “вистинска демократија“?

Ти, твојата длабока држава и фашистите од Брисел основната демократска алатка, непосредно изјаснување на народот, РЕФЕРЕНДУМОТ не го почитувате. Да потестеам на 30-ти септември лани. И ти, таков никаков, диктаторски расположен, фашистички ориентиран ќе говориш за демоктратија?!

Исто така, од плоштадот на ВМРО ти вчера порача “Во секоја вистинска демократија опозицијата мора да биде конструктивна“? Вашата, американската демократија, вистинска ли е? Ако е одговорот “да“, тогаш прашувам “конструктивна“ ли е или се користи секој момента демократите да нанесат штета на републиканците и обратно. И крајно, и демократите и републиканците да му наштетат на “натрапникот“ Доналд Трамп? Колку се конструктивни околу законите за мигрантите, ѕидот кон Мексико, даночната политика? Која е друга таква “вистинска демократија“ каде опозицијата е конструктивна? Во Британија ли, или во Франција или Италија? Кому ти му зборуваш, бе? Па не сме ние племе од Амазонија. Ние сме најстарата цивилизација на планетава со најголемиот државник во историјата Александар Македонски.

Толку за тебе Филипе Рикере, со да повторам прашање: Кој си бе ти?

Но, за да не биде дека само тој е виновен за нашата длабока зацапаност во септичката јама неисчистена три децении, ја прашувам “интелектуалната“ и “политичката“ јавност во Македонија: Ова не ли е мешање во внатрешните работи на Македонија? Или само ако е од Русија, тогаш е мешање?! Ако е од САД тогаш е демократија?! Во руската амбасада портирот да прдне, одма сите ќе се раскокодакаат за руско мешање. Радмила Шекеринска прва, па после про-соросовите медиуми… Ама ако овој доаѓа и шамара политичари, партии, градоначалници, медиуми тогаш тоа е демократија!!! Ете, нека

објасни Влатко Ѓорчев кој своевремено го поздрави бркањето на рускиот дипломат од Македонија заради наводно мешање во внатрешните работи во Македонија, дали овие серија состаноци на Рикер се мешање? Или, не се, а Влатко? Влатче, двојни стандарди се тоа или не?!

Крајно. Македонскиот народ е благ, дободушен и богољубив. Сака на луѓето да им верува, да им даде шанса, да соработува. Но тоа има граници. Е, таа граница, од пред некоја година е преминатa. Во овој ммент мојот нард не верува НИКОМУ. Најмалку на вакви шалабајзери каков што е Рикер. Ова мое тврдење се гледа на излезноста на изборите. Сите светски и домашни пропаганди не можат да го извдата македонскиот домакин и неговата фамилија на избиачко место. Може да се полнат кутии, може “Мост“ да е соработник во флсификатот, може странски набљудувачи да ми мижат, ама народот нема да гласа.

Нардот нема да поклони доверба на оној што сака рекетарите од СЈО и СДСМ, не да се помилуваат, ами и да им се даде уште поголема власт и уште посилен камшик. Народот нема да даде глас ако гледа дека на овој ќелавко му се клањате.

Просечниот МАКЕДОНЕЦ нема вака јавно да нападне и да ги вреѓа овие фашисти-робовладетели и домашни колабрационисти, ама со неговото право да гласа или не, ќе ви го начука на сите. Тие негови 5 минути ќе му се сатисфакција за целото ова ебење во здрав мозок.

Миленко Неделковски

Онака накурчено…

Скопје, 27.07.2019